| | |
|---|---|
| Предмет | ХИРУРГИЈА |
| Студиска програма | Општа медицина |
| Код: | CM 421 |
| Студиска година | Четврта (IV) и Петта (V) година |
| Семестар | Осми (VIII) и Девети (IX) |
| Вкупно часови | 335 |
| Кредити | 20 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Исполнет услов за VII семестер |
| Изведува: | Катедра по хирургија |
| Одговорен наставник | Проф.д-р Горан Кондов |
| Адреса: | Катедра по општа хирургија Водњанска 17 .Скопје<br>Тел. +389 3211 649 и +389 3 112 600; e-mail: upravahirurgija @yahoo.com |
| Клучни зборови | Студии општа медицина задолжителен предмет, Општа и воена хирургија |
| Учебни цели | • Студентот да ги научи и совлада вештините во рамките на рационалната дијагностика и современото лекување на хируршките заболувања.<br>• Студентот да се запознае со основните принципи на дијагностицирање оперативна припрема и лекување во рамките на општата хирургија.<br>• Студентот рационално да се оспособи да проценува и да ги упатува на лекување акутните хируршки заболувања кои ако правовремено не се дијагностицираат и третираат може да завршат фатално.<br>• Студентот да се оспособи да ги проценува и лекува хируршките заболувања на централниот нервен систем, вратот и градните органи, кардиолошките и васкуларните болести, дигестивните заболувања, уролошките болести, детските хируршки заболувања, пластичните и реконструктивните корекции, повредите на локомоторниот систем и внатрешните органи. |
| Кратка содржина | **Теоретска настава:**<br>Општа и воена хирургија<br>• Болести и хируршки третман на централниот нервен систем<br>• Болести и хируршки третман на нарушувањето на белите дробови<br>• Болести и хируршки третман на нарушувањето на кардиолошките и васкуларните заболувања<br>• Болести и хируршки третман на нарушувањето на дигестивниот систем<br>• Болести и хируршки третман на нарушувањето урогенитален систем<br>• Болести и хируршки третман на нарушувањето на детските заболувања<br>• Болести и хируршки третман на нарушувањето на кожата со пластични и реконструктивни зафати.<br>• Болести и хируршки третман на повредите на локомоторниот систем<br><br>**Практична настава:**<br>Совладување на клиничките вештини и практична примена на стекнатото теоретско знаење. |
| Организација | **Теоретска настава:** 103 часа<br>**Семинари**: 52 часа<br>**Практична настава:** 180 часа |
| Методи на учење | Интерактивни предавања, вежби/семинари |
| Предвидени учебни резултати | **Знаење и разбирање:**<br>Студентот да се стекне со знаење за распознавање и лекување на акутните хируршки заболувања, со основните болести на белите дробови, срцето и |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>крвните садови, уролошки, детски, дигестивни, трауматолошки, неврохируршки, пластични и реконструктивни заболувања.<br>**Клучни вештинии:**<br>Студентот да се оспособи за за апликација на стекнатото знаење и се стекне со вештина на современо хируршко проценување и лекување.</td>
</tr>
<tr>
<td>Специфични препораки за настава</td>
<td>Студентот е задолжен активно да ги следи предвидените активности.<br><br>**Бодирање на активностите на студентот:**<br><br>
<table>
<tr><td>Вид на активност</td><td colspan="2">Бодови</td></tr>
<tr><td></td><td>Мин</td><td>Макс</td></tr>
<tr><td>Теоретска настава*</td><td>2</td><td>8</td></tr>
<tr><td>Практична настава**</td><td>10</td><td>16</td></tr>
<tr><td>Континуирани проверки - 6</td><td>12</td><td>24</td></tr>
<tr><td>Завршен испит-практичен</td><td>8</td><td>12</td></tr>
<tr><td>Завршен испит-усмен</td><td>28</td><td>40</td></tr>
<tr><td>**Вкупно**</td><td>**60**</td><td>**100**</td></tr>
</table>
<br>*Присуство на теоретска настава<br>51%-60% 2 бод<br>61%-70% 4 бода<br>71%-85% 6 бода<br>86%- 100% 8 бода<br><br>** практична настава (45 групи вежби со траење од 4 часа):<br>Присуство: 0.15 бод<br>Колоквирање на вежба 0.2 бода.<br><br>* Оценката за целокупниот испит се добива врз основа на збирот на бодовите добиени од сите предвидени активности (предавања, вежби, семинари, колоквиуми, завршен испит).</td>
</tr>
<tr>
<td>Проверка на знаењата</td>
<td>**Континуирана проверка на знаења (колоквиум):** 6 писмени теста<br>Ги покриваат сите области од хирургијата во различни комбинации во зависност од групата во која студентот слуша и тековниот распоред:<br>1. Општа хирургија и трауматологија<br>2. Торако-кардио-васкуларна хирургија<br>3. Дигестивна хирургија<br>4. Неурохирургија<br>5. Урологија<br>6. Детска и пластична и реконструктивна хирургија<br><br>Студентите од еден колоквиум може да добијат: 2- 4 бода<br>**вкупно за 6 колоквиуми: 12-24 бода**<br><br>**Завршен испит: практичен + устен**<br><br>1. **Практичен дел (според каталог на вештини):** преглед на пациент, диф.дгн, терапија **8-12 бода**<br><br>(За 10=12 бода; За 9=11 бода; За 8=10 бода; За 7=9 бода; За 6=8 бода)<br><br>2. **Устен дел (интегративен)-** 4 прашања на кои не се испрашува детално, туку интегративното знаење кое е битно за разбирање на целината на предметот и медицинската практика **28-40 бода**<br><br>(За 10=40 бода; За 9=37-39 бода; За 8=34-36 бода; За 7=31-33 бода; За 6=28-30 бода)</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | * Студентот е должен да освои минимум од предвидените бодови за секој дел од испитот посебно за да можат да му бидат впишани бодовите за завршен испит. Во спротивно, испитот се смета за неположен.<br><br>**Комплетен завршен испит:**<br><br>Испитот претставува комбинација на колоквиуми што не се положени и завршниот испит. Студентот е должен најпрвин да го положи неположените колоквиуми, а потоа да пристапи кон полагање на завршниот испит. Доколку студентот не ги положи неположените колоквиуми, нема право да го полага завршниот испит. |
| Учебни помагала | Основни:<br>• Општа и специјална хирургија: Проф.д-р Ј.Пановски<br>• Торакална хирургија: Проф.д-р Г.Кондов<br>• Васкуларна хирургија (скрипта): Проф.д-р Т.Андреевска<br>• Пластична и реконструктивна хирургија (скрипта): Проф.д-р.Ѓ. Џокиќ<br>• Неурохирургија: Проф. Ј. Угриновски, Проф. С. Јовковски, Проф.д-р. И. Панговски, Проф.д-р.К. Лозанче, Проф.д-р. В. Столевски<br>• Клиничка Трауматологија: Проф.д-р. И.Тодоров, Проф.д-р. С. Јовковски, Проф.д-р. В. Георгиев, Проф. д-р. М. Гавриловски, Проф. д-р. З. Спировски, Проф.д-р.В. Јаневски.<br>• Екстендирани предавања од урологија,дигестивна и детска хирургија<br>• Општа хирургија: Прпич, Букуров и сор.. |